# КОМУНИКАЦИСКА РЕВОЛУЦИЈА

## Queen's College, Cambridge, 24 март - 1 април 1995

м-р **В**анчо **Ч**абуковски

*Од 24 март до 1 април 1995 година во Queen's College, Cambridge, Велика Британија во организација на на здружението "21st Century Trust" се одржа работна конференција под наслов "Комуникациска револуција". На конференцијата учествуваа 25 учесници кои и професионално се бават со она што почнува да станува светски тренд: телекомуникации.*

*Целта на оваа работна конференција беше со еминентни предавачи и интензивни дискусии да се донесат одредени заклучоци (регулативи, социјални аспекти, политички влијанија, технологии,...) за времето што доаѓа, "Комуникациската револуција" која што го одбележува тоа време и влегувањето во 21-от век.*

*Сите 25 учесници преку ова осумдневно дружење станаа членови на "21st Century Trust", еминентна меѓународна организација.*

*Главниот и одговорен уредник на ИнФорма м-р Ванчо Чабуковски беше активен учесник во оваа конференција и за нашите читатели ги пренесува битните заклучоци и збиднувања во "Комуникациската револуција".*

Програмата на конференцијата се планираше да биде од широк ранг. Таа беше направена да им даде можност на членовите да зборуваат за главните технолошки, општествени, економски и политички импликации на таканаречената "комуникациска револуција" предизвикана од брзиот развој на дигиталната и фибро-оптичка технологија. Учесниците во дискусијата и студиските групи дискутираа за многу разновидни теми какви што се, на пример: "push-button" демократијата, влијанието на Интернет врз општествениот живот, најновите истражувања и развој на информациони суперавтопатишта на водечките западни телекомуникациски компании и импликациите на таканаречената "глобална информациона инфраструктура" за светот во развој.

За време на конференцијата, темите станаа поразноврсни, благодарение на обемот на презентации од гостите предавачи и широкиот импресивен собир на националности, занимања и интереси претставувани од собраните членови. Исто така, за време на конференцијата беше направена еднодневна посета на истражувачките центри на две телекомуникациони компании - British Telecommunications и Ionica, компанија која е пионер на нови форми на дигитални целуларни комуникации - што, пак, уште повеќе ги прошири хоризонтите.

Најголемиот број учесници во излагањата беа професионално вклучени во работа со телекомуникациите, медиумите, компјутеризацијата или информациските индустрии. Но, нивните перспективи



прилично варираат. Nicholas Negroponte, директор на Media Lab при Технолошкиот институт во Масачусетс, сопственик на популарното списание WIRED и автор на книгата "Being Digital" која за само неколку месеци од излегувањето стана најчитана книга во светот; ја постави најрадикалната визија на иднината, тврдејќи дека "дигиталната револуција" ќе го трансформира општествениот живот со напредокот на помладата генерација во целиот свет, со што ќе донесе поширок просперитет и меѓународно разбирање и ќе ги уништи тоталитарните режими. Спротивно на тоа, Juggy Pandit, извршител во Thorn EMI, со значително познавање на состојбите во IT индустријата во Индија, беше многу скептичен на идејата дека повеќето луѓе во земјите во развој ќе почувствуваат такви разлики во животот како резултат на новите комуникациони технологии. Тој истакна дека половина од светската популација никогаш не би телефонирала.

Техничките, законодавните и финансиски предизвици од градењето на информациониот суперавтопат за дискусија ги поставија Harper, поранешен директор на British Telecommunications' UK network, и Michael Hardy, член во директоратот за телекомуникации на Европската комисија. Тие нагласија дека се потребни огромни инвестиции фибро-оптичките информациони суперавтопати да станат стварност и дискутираа за перспективите и последиците од различните регулативни структури и големиот натпревар во обезбедувањето на мрежи и услуги. Меѓутоа, Jean - Bernard Munch, генерален секретар на European Broadcasting Union, го постави прашањето за доминација на технологија - дигитални процеси и информациони суперавтопати - во рамките на дебатата за идното "информациско општество". Тој ја потенцираше важноста на "задоволството" што треба да се пренесе преку новите медии и дискутираше за начините со кои нациите би можеле да ја унапредат својата култура, како и за други пожелни форми на задоволство. Raymond Snoddy, медиски кореспондент на FT (Financial Times) ја образложи својата тема на забавен начин, а во врска со ривалските амбиции на постојните медиски моќници. Geoff Mulgan, директор на Demos, лондонски резервоар на идеи, зборуваше за импликациите на новите технологии врз демократијата, сметајќи дека тие се обврзни да вршат притисок за поголема директна демократија бидејќи за гласачите е полесно да ги изразат своите гледишта, а за политичарите да бараат "feedback" од нивните избирачи.

Американизацијата на медиите беше доминантна тема на неделата. Беше поставена директно во попладневниот говор на Godfrey Hodgson, долгогодишен новинар, а подоцна уредник на Independent, кој зборуваше за - а и потполно се согласи со - тврдењето дека "медиите се американски". Госп. Hodgson исто така учествуваше во дебатата на завршниот ден од конференцијата, заедно со Baroness Dean, која својата кариера ја поминала во трговските печатарски здруженија и медиски регулативни тела и Andrew Knight, поранешен уредник на Economist и од неодамна претседател на Rupert Murdoch's News International. Имаше потполна согласност меѓу овие три учесници во дебатата околу степенот на претстојната промена, но несогласување за предизвикот што оваа промена ја поставува за законодавците. Ladu Dean, потпирајќи се на своите искуства како претседател на комитет за контрола на телефонските информациски стандарди во Велика Британија, ги истакна опасностите -

особено за децата и ранливите групи - од нерегулираната експлозија на нови услуги (порнографија и секс на Интернет), додека Mr Knight покажа доверба во способноста на конзумерите и пазарот да произведат вредни производи коишто респектираат општествени норми и културна разноврсност. Согласувајќи се со Проф. Negroponte, тој, исто така, го подвлече влијанието на сателитските и другите напредни технологии како средства на демократија и слобода.

Овој синџир од мислења добро се рефлектираше врз дискусијата на членовите. Како што се очекуваше, постоеше силен интерес за технолошкиот и економски потенцијал на информациониот суперавтопат. Ова особено се почувствува од членовите кои имаат работно искуство во областа на телекомуникациите и информационите индустрии - Martha Flanagan (BT), Tim Bishop (GPT), Monique Dusseldorp (Европски институт за медии), Josee Goulet (Bell Canada), Olivia Nip и Richard Yuen (Влада на Хонг Конг). Во искажувањата на членовите од поранешниот Советски блок учествуваа - Динка Динкова од Бугарија, Serhiy Hluz од Украина, Игор Лапша од Белорусија, Александар Ливегрант од Русија, Aap Neljas од Естонија, Andras Nagy од Унгарија и Andrei Verbitski од Русија. Земјите во развој ги претставуваа членовите со работно искуство во Бразил (Paula Mageste) и Индија (Chandrika Kaul и Srinjoy Chowdhury).

Меѓу темите кои се повторуваа во текот на целата конференција, поставката што ја сочинува "револуцијата" и дали таа е соодветна или од помош за да се земат во предвид промените во информационите индустрии на тие начини, беше во прв ред. Постоеше признание, коешто се продлабочуваше како што напредуваше неделата, дека многу од можностите и проблемите во состав на новите мултимедиски технологии се во суштина со многу подлабоки димензии. Ендемската невработеност и стравот од културниот идентитет и општествена кохезија, на пример, долго пред тоа им претходеа на експлозијата на интерес за потенцијалот на информациониот суперавтопат во раните 90-ти години. Постоеше слична согласност дека, и покрај реторичките способности на водачите, каков што е Al Gore, во пракса информациониот суперавтопат со своето огромно чинење, не е во состојба да им овозможи на земјите во развој од поранешниот источен блок да ги "прескокнат" своите западни колеги. Веројатноста за поголема директна демократија се соочи со големиот степен на скептицизам кај неколку учесници потполно ентузијастички расположени во врска со можноста за поформално проширување на референдумите во нивните политички системи.

Во овие случаи, а и во други, дискусијата се фокусираше на тоа како законодавците би можеле да ги искористат можностите претставени во овие нови технологии - особено на полето какво што е образованието - за позитивни цели, дозволувајќи заради својата неспособност да вршат влијание на брзината и чинењето на технолошката промена. Постоеше општа желба и согласност да се потпрат на механизмите на пазарот секаде каде што е можно - дури и во области како што е "локално задоволство" во филмската продукција, појава што предизвикува голема загриженост во континентална Европа, каде што има мала доверба во ефектите од квотите или други форми на забрана како средство за заштита и унапредување на локалната култура.

Како што одминуваше неделата, во дебатата навлегоа други теми. Andrew Mottram, свештеник во англиската црква и Kirsten Wehner од Одделот за антропологија при Универзитетот во Њу Јорк, се издвојуваа со дискусиите за моралните импликации на новите технологии. Tilman Wittershagen од Германската банка, Christopher Koch (Меѓународен арбитражен суд) и Susan Steele (Здружение за иднината и можностите на Велика Британија) ги изложија своите искуства во индустриските финансиски услуги. Импликациите на политиката и постојните медии беа потенцирани од членовите кои работаат на овие полиња, имено Deniz Derman (Технолошки универзитет на Средниот Исток), Ванчо Чабуковски (Универзитет во Скопје, списание ИнФорма), Martin Hiller (Светски фонд за природата), Sherrie Madia (Универзитет во Темпл) и Rene Leegte (помошник на водачот на холандската Либерална партија). Прашањата за регулатива - било тие да обезбедуваат конкуренција или да ги чуваат културните и морални стандарди - исто така се појавија во голем број. Неколку учесници се директно вклучени во регулативните и законодавните процеси во своите сопствени земји и овие прашања предизвикаа жешки дискусии меѓу учесниците од сите професии.

Ширината на искажувањата беше потврдена со примери во завршните презентации. Martin Hiller ја отвори сесијата со проценката на импликациите од тековните промени за радиото, особено локалното радио, што преживува нешто како ренесанса во целиот свет. John Lotherington понуди размислувања за влијанието на комуникациските револуции во изминатите векови, враќајќи се назад до појавата на печатењето во 15-от век. Andrew Mottram зборуваше за општествените импликации - вклучувајќи го оттуѓувањето и семејното разидување - и за организираните религиозни групи како што е црквата во Англија. Susan Steele даде преглед на импликациите за финансиските услуги во индустријата. Igor Lapsha, правник, советуваше за новото медиско законодавство во Белорусија, а Aap Neljas, член на Естонскиот парламент, истакна дека императивите на политиката многу заостануваат зад медиските реформи.

При крајот на конференцијата произлезе дека нема ништо неприродно во ова зближување и повеќето членови земаа учество во дискусиите по сите овие теми. Малку од сесиите содржеа висок степен на технички детали, особено оние што се однесуваа на развојот на телекомуникациите. Во првите неколку денови, овие презентации направија бариери во дискусијата но, при крајот на конференцијата општото ниво на разбирање по овие прашања беше на повисоко ниво, така што се разви цврста одлучност да не им се дозволи на техничките детали да ги замаглат основните општествени, економски и политички потреби предизвикани од новата технологија. **По сè, како што забележа еден член, политичарите и создавачите на политиката, кои ги донесуваат клучните одлуки за тоа како да се регулираат комуникациските индустрии, често одвај имаат површинско разбирање за технологиите што тие треба да ги регулираат.**